Република Северна Македонија

Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19 и 14/20), член 22 и 23 од Законот за работни односи ( Службен весник бр.167/15, 27/16, 120/18, 110/19, 267/20 и 151/21), чл. 212 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19), член 8 од Колективниот договор за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.249/19), а во согласност со Правилникот за систематизација на работни места бр. 01-42 од 19.02.2024 година и Одлуката за распишување на јавен оглас за вработување бр.04-100/1 од 23.04.2025, ЈОУ Дом за стари лица ,,Сју Рајдер“ Битола објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2025**

За вработување на 11 (единаесет) извршители на неопределено работно време, за работно место:

1. **Социјален работник**- А4 Самостоен стручен службеник четврто ниво, 1 (еден) извршител, шифра СО30303А04009
2. **Медицинска сестра**- Б2 Помошно-стручен службеник од второ ниво, 4 (четири) извршители, шифра С030303Б02010
3. **Геронто домаќин**- Б3 Помошно-стручен службеник од трето ниво, 2 (два) извршители, шифра СО30303Б03004
4. **Готвач II** - А2 Помошно-техничко лице од второ ниво (кујна), 1 (еден) извршител, шифра СО30404А02001
5. **Перач-** А3 Помошно-техничко лице од трето ниво, 1 (еден) извршител, шифра СО30405А03003
6. **Домаќин I-** Б1 Помошно-техничко лице од прво ниво, 1 (еден) извршител, шифра СО30401Б01002
7. **Ложач на парен котел III** – Б3 Помошно-техничко лице од трето ниво, 1 (еден) извршител, шифра СО30401Б03001

**Кандидатите за сите извршители по огласот треба да ги исполнуваат следните општи услови :**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Кандидатите за сите извршители по огласот за докажување на општите услови потребно е да достават:**

- Уверение за државјанство на РСМ не постаро од 6 (шест ) месеци;
- Лекарско уверение не постаро од 6 (шест ) месеци;
- Уверение/Диплома за завршен степен на образование
- Уверение дека нема забрана за вршење на професија, дејност и должност не постаро од 6 (шест ) месеци.
- Документите може да се во оригинална форма или копија заверена на нотар

1. **Социјален работник**- А4 Самостоен стручен службеник IV ниво, во Оддел за социјална работа, со шифра на дејност СО30303А04009, на неопределено работно време, со основна нето плата од 34.413,оо (триесет и четири илјади четиристотини тринесет) денари месечно.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови во неделата: 40 часа;
- Почеток и крај на работно време: 07:30-15:30 часот;

**Работни задачи:**
- Составува наод и мислење на стручен работник и наод и мислење на стручен тим;
- Отвора, води, ажурира и затвора досие на корисник и води писмена комуникација со старателските органи и др. релевнатни институции; - ја води постапката за прием и повлекување на корисник, води матична книга на корисници, азбучник на корисници и друга законски пропишана за дејноста евиденција и документација, ги советува и конкретно инфромира згрижувачите, да ги препознаат вистинските проблеми и потреби на корисникот, да ги разгледаат можните решенија за надминување на проблемите во кои западнало лицето;
- Според потребата, ги собира наместо корисникот потребните документи, пополнува формулари, молби и сл., ги организира услугите, следи како услугите се нудат и посредува доколку се појават потешкотии;
- Се грижи за спроведување на социјализација на корисниците, ја води социјалната и другата документација за корисникот, соработува со центрите за социјална работа, судовите и други надлежни служби;
- Учествува во обуки, го применува во пракса стекнатото знаење и го пренесува во Установата;
- Ја планира својата работа и поднесува редовни извештаи за работата и одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работите во службата, согласно законските прописи и одредби;

**Кандидатите по огласот треба да ги исполнуваат следните посебни услови :**
- За нивото А4 стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, опшествени науки - социологија
- Најмалку две години работно искуство во областа на социјалната заштита,
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

**Други специфични барања за работата:**
- Потврда/доказ за најмалку две години работно искуство во областа на социјалната заштита
- Уверение/сертификат за Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Уверение/сертификат за Активно познавање на на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Потребни општи работни компетенции се:**
- Учење и развој,
- Комуникација,

- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

2. **Медицинска сестра**- Б2, Помошно-стручен службеник од второ ниво 4 (четири) извршители, шифра на дејност С030303Б02010 во Оддел за социјална работа, сместување, нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, на неопределено работно време, со основна нето плата од 24.379,оо (дваесет и четири илјади триста седумдесет и девет) денари месечно.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник- недела, по претходен распоред;
- Работни часови во неделата до 40 часа;
- Почеток и крај на работно време 07:00-19:00 часот и 19:00-07:00 часот;

**Работни задачи:**
- Нега, исхрана и здравствена состојба на корисници;
- Организира и спроведува дезинфекција на просториите и се грижи за нивото на хигиена во собите;
- Дава извештај до лекарот и главната сестра за здравствената и општата состојба на болните;
- Континуирано аплицира препишана медикаментозна терапија на корисници, прави инхалации и преврски;
- Ги придружува корисниците кои се упатени на специјалистички преглед, матичен лекар, болници, други здравствени установи;
- Ја планира својата работа и поднесува редовни извештаи за работата и одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работите во одделот согласно законските прописи и одредби.

**Кандидатите по огласот треба да ги исполнуваат следните посебни услови :**

- за ниво Б2 стекнати најмалку 60/120 кредити според ЕКТС или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКЦОО или завршено средно/више образование, медицинска струка
- без работно искуство

3. **Геронто домаќин** Б3 Помошно-стручен службеник од трето ниво, 2 (два) извршители, шифра на дејност СО30303Б03004 во Оддел за сместување, нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците на неопределено работно време, со основна нето плата од 24.379,оо (дваесет и четири илјади триста седумдесет и девет) денари месечно.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник-недела, по претходен распоред;
- Работни часови во неделата - 40 часа;
- Почеток и крај на работно време 07:00-19:00 часот;

**Работни задачи:**

- Помош, грижа, нега и одржување на комплетна хигиена на стари лица;
- Одржување хигиена на опрема, постелнина и облека на стари лица;

- Квалитетно и навремено извршување на работните обврски во установата, согласно законските прописи и одредби.

**Кандидатите по огласот треба да ги исполнуваат следните посебни услови :**

- за ниво Б3 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.
- Без работно искуство

4. **Готвач II** - А2 Помошно-техничко лице од второ ниво (кујна), 1 (еден) извршител, шифра на дејност СО30404А02001 во Оддел за помошно технички работи на неопределено работно време, со основна нето плата од 24.379,оо (дваесет и четири илјади триста седумдесет и девет) денари месечно.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник-недела, по претходен распоред;
- Работни часови во неделата: 40 часа;
- Почеток и крај на работно време: 07:00-19:00 часот;

**Работни задачи:**

- Припремање на садовите и продуктите за приготвување на храната намената за корисниците на услуги во Установата, согласно законската уреденост во овој дел; Помага при подигање на продуктите и води евиденција за нивно адекватно сместување; Сервирање и делење на храната;
- Во својата работа постапува согласно пропишаните законски одредби и HACCP стандарди и процедури за безбедно чување и ракување со храна, за што води и соодветна пишана документација и евиденција;
- Одржување комплетна хигиена на садовите, кујнскиот прибор и одржување комплетна хигиена на кујнскиот простор и другиот инвентар со кој ракува готвачот;
- Се раководи по правилата за добра хигиенска пракса, заштита на животната средина и безбедност на храната, упатствата на лекарот, главната медицинска сестра и медицинските сестри по однос на квантитативното и квалитативното опслужување на корисниците со соодветната храна;
- Го заменува готвачот што ја подготвува храната;
- Одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работите во службата согласно законските прописи и одредби;

**Кандидатите по огласот треба да ги исполнуваат следните посебни услови :**

- Најмалку ниво на квалификација III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или тригодишно средно образование,
- без работно искуство

**Други специфични барања за работата:**

- Средно стручно образование -угостителско, прехранбено или
- Лице со завршено друго средно образование различно од угостителска насока кое мора да поседува потврда за стекнати основни знаења за безбедност на храната, издадена по претходно организирана обука од овластено правно лице и полагање на испит.

5. **Перач-** А3 Помошно-техничко лице од трето ниво, 1 (еден) извршител, шифра на дејност СО30405А03003 во Оддел за помошно технички работи на неопределено работно

време, со основна нето плата од 24.379,оо (дваесет и четири илјади триста седумдесет и девет) денари месечно.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник-недела, по претходен распоред;
- Работни часови во неделата: 40 часа;
- Почеток и крај на работно време: 07:00-19:00 часот;

**Работни задачи:**

- го прима нечистиот веш, облека и друг текстил и физички ги обработува ги селектира пребројува и ги става во машина за перење;
- ја прима нечистата ХТЗ опремата, на вработените ја селектира и ја става во машина за перење;
- внимателно ракува со машините за перње и сушење и доколку се јави технички проблем го известува непосредно претпоставениот;
- одговорен е за рационално користење на средствата за перење и води евиденција за потрошувачката;
- по доведување во исправна состојба на примениот веш, текстил и ХТЗ опрема на перење го предава на врботените.

**Кандидатите по огласот треба да ги исполнуваат следните посебни услови :**

- Најмалку ниво на квалификација I или основно образование
- без работно искуство

6. **Домаќин I-** Б1 Помошно-техничко лице од прво ниво, 1 (еден) извршител, шифра на дејност СО30401Б01002 во Оддел за помошно технички работи на неопределено работно време, со основна нето плата од 24.379,оо (дваесет и четири илјади триста седумдесет и девет) денари месечно.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови во неделата: 40 часа;
- Почеток и крај на работно време: 07:00-15:00 часот;

**Работни задачи:**

- Врши порачка, ги прима, евидентира, контролира, складира и издава прехранбените производи, средствата за хигиена, канцелариските материјали, опремата и ситниот инвентар, како и другите материјали, резервни делови, горивото за затоплување на објектите на Установата;
- Води материјално книговодство за опремата, ситниот инвентар и материјалите во залиха и употреба, согласно законските прописи кои го уредуваат овој дел на работа;
- Во својата работа постапува согласно пропишаните законски одредби и HACCP стандарди и процедури за безбедно чување и ракување со храна, за што води и соодветна пишана документација и евиденција;
- Одржување и ракување со противпожарните апарати;
- Одговорен е како ракувач на опремата и материјалите опишани како опрема по одбранбени подготовки согласно Планот за заштита и спасување на Установата во вонредни услови, складирани во магацинот;

**Кандидатите по огласот треба да ги исполнуваат следните посебни услови :**

- Најмалку ниво на квалификација IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно стручно образование –економско

- без работно искуство

7. **Ложач на парен котел III** – Б3 Помошно-техничко лице од трето ниво, 1 (еден) извршител, шифра СОЗ0401Б03001 во Оддел за помошно технички работи на неопределено работно време, со основна нето плата од 24.379,оо (дваесет и четири илјади триста седумдесет и девет) денари месечно.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови во неделата: 40 часа;
- Почеток и крај на работно време: 06:30-14:30 часот;

**Работни задачи:**

- Непосредно ракува со парните котли и обезбедува редовно греење на објектите на Установата во текот на грејната сезона;
- Одговорен е за опремата и материјалите со кои ракува;
- Ги отстранува помалите дефекти и ги доведува во исправна состојба котлите и инсталацијата за греење;
- Врши одредени работи како што се ситни поправки на опремата во Установата;
- Се грижи за одржување на хигиената во дворот и околината на објектите на Установата и е одговорен за одржување на зелените површини околу објектите
- Во зима ги чисти патеките и приодите до објектите од снежни врнежи и наноси;
- Повремено и по потреба врши и курирски работи;

**Кандидатите по огласот треба да ги исполнуваат следните посебни услови :**

- Најмалку ниво на квалификација I или основно образование
- без работно искуство

Заинтересираните кандидати треба да доставаат пријава, која можат да ја подигнат лично во ЈОУ Дом за стари лица Сју Рајдер Битола или да ја преземат од веб страната на установата https://www.domsjurajderbitola.mk/ . Во прилог на пријавата да се доставaт потребните документи за докажување на општита услови (не постари од 6 месеци) и потребните документи за докажување на посебните услови во оргинална форма или копија заверена на нотар.

Пријавата со потребната документација да ја доставаат до Архивата на ЈОУ ,,Сју Рајдер" Битола, ул.Илинденска бр.156 Битола, во затворен плик со назнака „за Јавен оглас бр.1/2025" Јавниот оглас ќе трае 5 (пет) дена, сметано од наредниот ден на последната објава во дневните весници. Кандидатите, кои ќе ја поминат административната селекција, во врска со исправноста и комплетноста на потребната документација, ќе бидат рангирани од страна на Комисијата за административна селекција и интервју за вработување и истите ќе бидат известени за изборот во рок од 8 дена од донесувањe на одлуката за избор или неизбор.

Некомплетните документи и доставени после рокот нема да бидат предмет на разгледување.